# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 1 Септември 2006 година<br>Службен гласник број 9<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |
|---|---|---|

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за пристапување кон изменување и дополнување на Статутот на Општина Прилеп се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1565/1 — ГРАДОНАЧАЛНИК
01.09.2006 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 1, а во врска со член 91 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр. 5/2002 год.) , член 24 став 1 точка 1 и член 129 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 год.), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 30.08.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за пристапување кон изменување и дополнување на Статутот на Општина Прилеп

**Член 1**

Заради усогласување на одредбите на Статутот на Општината со позитивните прописи, се отвора постапка за пристапување кон донесување на Измени и дополнувања на Статутот на Општина Прилеп.

**Член 2**

Донесувањето на Измените и дополнувањата на Статутот ќе се одвива во две фази и тоа: како Нацрт - Статут и Предлог - Статут.

**Член 3**

Се задолжува Статутарно-правната комисија во координација со претседателот на Советот на Општина Прилеп да го изготви Предлогот на измените и дополнувањата на Статутот.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во " Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1554/2 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.08.2006 — на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п — Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОКРЕНУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА И ЗАБРЗАН ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ПРИЛЕПСКИОТ ДЕЛ НА МАРИОВО**

1. Одлуката за покренување на иницијатива за ревитализација и забрзан локален економски развој на Прилепскиот дел на Мариово„ се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1565/2
01.09.2006 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002), член 14 став 1 точка 3 и член 26 став 1 точка 11 и 33 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 30.08.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за покренување на иницијатива за ревитализација и забрзан локален економски развој на Прилепскиот дел на Мариово**

Член 1

Со оваа Одлука се покренува иницијатива и определува постапката за ревитализација и забрзан локален економски развој на населените места во Прилепскиот дел на Мариово.

Член 2

Целите на локалниот економски развој опфаќаат:
- изработка на Детални урбанистички планови на населените места;
- издавање на користење на недвижниот имот, без надоместок, (куќи, домови, училишни згради и други објекти) сопственост на општина Прилеп, на заинтересирани стопански субјекти, невладини организации, здруженија на граѓани и други правни и физички лица, со цел за реновирање на објектите и користење за дејностите на заинтересираните субјекти;
-поддршка на донаторски проекти за економски развој на населените места, развој на сточарството, рибарството, земјоделството,пчеларството, овоштарството, селскиот туризам, спортско рекреативни центри, центри за рехабилитација и други дејности.
- инвеститорите кои ќе ги реновираат објектите, односно ќе изградат нови објекти согласно одобрените проекти се ослободуваат од обврската за плаќање надоместок за комунално уредување.

Член 3

Деталните урбанистички планови за населените места ќе бидат изработени од Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови Прилеп.

До изработката на деталните урбанистички планови, ќе се применуваат одредбите и условите предвидени со Закон и Одлуката за условите за градба во населени места за кои нема донесено урбанистички планови.

Член 4

Плановите-Проектите за економски развој на населените места изработени од заинтересираните субјекти, ќе ги оценува-евалуира Одделението за локален економски развој при Општина Прилеп.

Планови-Проекти за економски развој на населените места за потребите на општината, изработува Одделението за локален економски развој при Општина Прилеп.

Член 5

Издавањето на користење на недвижниот имот, без надоместок (куќи, домови, училишни згради и други објекти) сопственост на општина Прилеп, на заинтересирани стопански субјекти, невладини организации, здруженија на граѓани и други правни и физички лица, се врши со објавување на оглас во кој се наведуваат објектите. По објавениот оглас заинтересираните субјекти поднесуваат барања со проекти за користењето на објектите.

Градоначалникот на општина Прилеп, по претходно мислење - препорака од Одделението за локален економски развој, склучува Договор за користење на недвижниот имот.

Постапката за издавање на недвижностите ќе се спроведе според законските прописи и членовите 4,5,6,7 и 8 од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање под закуп на деловниот простор сопственост на Оптина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп"6/2004).

Член 6

Приоритет при давањето на недвижниот имот на користење без надоместок, ќе имаат проектите кои ќе понудат подобри економски користи, повеќе вработувања и одржливост.

Одржливоста на проектите ќе ја оценува Одделението за локален економски развој при Општина Прилеп.

Член 7

Со договорот за користење на недвижниот имот, поблиску ќе се уредат условите, правата и обврските на корисниците на имотот и општина Прилеп.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 1554/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.08.2006 год.на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ОДЛУКАТА ЗА ПОКРЕНУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА И ЗАБРЗАН ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ПРИЛЕПСКИОТ ДЕЛ НА МАРИОВО**

1. Заклучокот по Одлуката за покренување на иницијатива за ревитализација и забрзан локален економски развој на Прилепскиот дел на Мариово , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1565/2-1 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.09.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп”бр.6/2003 И 4/2005), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 30.08.2006 година, претресувајќи ја Одлуката за покренување на иницијатива за ревитализација и забрзан локален економски развој на Прилепскиот дел на Мариово, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Се задолжува Одделението за локален економски развој да отпочне со изработка на Стратегија за развој на Прилепскиот дел на Мариово,со вклучување на релевантни субјекти (Стопанска комора, Занаетчиска комора, Советот на Општината, Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој и други), во изработката на Студијата.

2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот, Одделението за локален економски развој и архивата на Општина Прилеп.

3. Заклучокот ќе се објави во “Службен гласник на Општина Прилеп”

Број 07 – 1554/3-1 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.08.2006 година на Совет на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАДОМЕСТОЦИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување надоместоци за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 –1565/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.09.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.104 од Законот за јавните патишта (“Сл.весник на РМ”бр.26/96,40/99,29/02 и 68/04) и чл.36 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02), Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на ден 30.08.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за утврдување надоместоци за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Прилеп

Чл.1

Финансиски средства за изградба,реконструкција,одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Прилеп, се обезбедуваат од:

-надоместок за вонреден превоз;

-надоместок за поставување натпис во заштитниот појас;

-надоместок за приклучување на пристапен пат на јавен пат;

-надоместок за поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот појас;

-надоместок за изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап најавен пат надвор од населено место;

-закуп на одредени делови од патниот појас и друго земјиште кое припаѓа на јавниот пат;

-надоместоци за штета сторена на патот и објектите на патот;

-средства од буџетот на општина Прилеп,претпријатија, месни заедници и други правни и физички лица;

Чл.2

За користење на локалните патишта и улици со возило кое празно или заедно со товарот ги надминува пропишаните услови во поглед на димензијата, вкупната тежина, оскиниот притисок, се издава дозвола за вонреден превоз.

Дозволата од претходниот став ја издава одделение за комунални работи при општина Прилеп (надлежен орган во Општината), по претходно прибавена согласност од МВР.

Во дозволата за вонреден превоз се одредуваат начинот и условите за тој превоз и висината на надоместокот.

Чл.3

За поставување на натписи, реклами и сл. во заштитниот појас на локалниот пат се плаќа надоместок и тоа:

- За големина до 0.5 $м^2$ 2000 денари/годишно.
- За големина од 0.5 до1 $м^2$ 4000 денари/годишно.
- За големина од 1 до 3 $м^2$ 7000 денари/годишно.
- За големина преку 3 $м^2$15.000 ден.годишно./годишно.

Поставувањето на натписите го одобрува Општината по претходно доставен проект за натписот од страна на правното или физичкото лице кое поднесло барање.

Чл.4

Надоместокот за приклучување на пристапен пат на локален пат изнесува 5000 ден.

Чл.5

Надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот појас изнесува (се утврдува) 30 денари/годишно за 1 метар должен поставена инсталација.

Надоместокот со условите и начинот под кој можат да се поставуваат истите го одредува надлежен Орган на Општината со издавање на одобрение по претходно доставен проект.

Чл.6

Надоместок за изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на локален пат надвор од населено место изнесува(се утврдува) .....?

Чл.7

Висината на надоместокот за штета сторена на локалните патишта и улици и објектите на истите ја утврдува комисија фомрирана од Општината.

Комисијата е составена од 3 члена и тоа: претставник од надлежниот орган на општината, МВР и од организацијата која го одржува локалниот пат, односно улица.

Чл.8

Обезбедените средства од чл.1 на оваа Одлука Општината ги распоредува за изградба,реконструкција,одржување и заштита на локалните патишта и улици.

Чл.9

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во (“Сл.гласник на општина Прилеп”).

Број 07 – 1554/4
30.08.2006 година
П р И л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАДОМЕСТОЦИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Заклучокот по Одлуката за утврдување надоместоци за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1565/3-1 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.09.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп”бр.6/2003 И 4/2005/, Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 30.08.2006 година, претресувајќи ја Одлуката за утврдување надоместоци за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Прилеп, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. За наредна седница на Советот, службите од Секторот за урбанизам, комунално уредување и заштита на животна средина, да ги доразработат членовите 2 и 6 од Одлуката за утврдување надоместоци за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Прилеп.
2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот, Секторот за урбанизам, комунално уредување и заштита на животната средина и архивата на Општина Прилеп.
3. Заклучокот ќе се објави во “Службен гласник на Општина Прилеп”

Број 07 – 1554/4-1 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.08.2006 година на Совет на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИТЕ ПО ИНФОРМАЦИЈА ЗА НАПЛАТАТА НА ДАНОКОТНА ИМОТ**

1. Заклучоците по Информација за наплатата на данокот на имот, се објавуваат во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1565/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.09.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп”бр.6/2003 и 4/2005/, Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 30.08.2006 година, претресувајќи ја Информацијата за наплатата на данокот на имот, ги донесе следните:

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. Се усвојува Информацијата за наплатата на данокот на имот.

2. Се задолжува Одделението за администрирање на приходи при Секторот за финансирање и Буџет да изготви Акционен план за утврдување на реалната вредност на имотот согласно Законот за данокот на имот.
3.Заклучоците ќе се објават во “Службен гласник на Општина Прилеп”

Број 07 – 1554/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.08.2006 година на Совет на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈОУ ДЕТСКА ГРАДИНКА “НАША ИДИНА” – ПРИЛЕП ЗА 2005/2006 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Годишниот извештај за работата на ЈОУ Детска градинка “Наша идина” – Прилеп за 2005/2006 година се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1565/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.09.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп”бр.6/2003 и 4/2005/, Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 30.08.2006 година, претресувајќи го Годишниот Извештај за работата на ЈОУ Детска градинка “Наша иднина” – Прилеп за 2005/2006 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ЈОУ Детска градинка “Наша иднина” – Прилеп за 2005/2006 година

1. Се усвојува Годишниот Извештај за работата на ЈОУ Детска градинка “Наша иднина” – Прилеп за 2005/2006 година.
2. Решението да се достави до Градоначалникот, ЈОУ Детска градинка “Наша иднина” – Прилеп и архивата на Општина Прилеп.
3. Решението ќе се објави во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 1554/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.08.2006 година на Совет на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И БУЏЕТ**

1. Решението за разрешување и именување претседател на Комисијата за финансирање и Буџет се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1565/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.09.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 44 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп”бр.6/2003 и 4/2005/, Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 30.08.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за разрешување и именување претседател на Комисијата за финансирање и Буџет

1. ПАНЧЕ ДАМЕСКИ, се разрешува од функцијата претседател на Комисијата за финансирање и Буџет.
2. За претседател на Комисијата за финансирање и Буџет се именува САШКО НИКОЛОСКИ.
3. Решението да се достави до именуваните, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.
4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 1554/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.08.2006 година на Совет на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

1. Решението за разрешување и именување член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита

на животната средина се објавуваат во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 –1565/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.09.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 44 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп”бр.6/2003 и 4/2005/, Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 30.08.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за разрешување и именување член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштитана животната средина

1. КАТЕРИНА ДИМЕСКА, се разрешува од функцијата член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

2. За член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, се именува КЕТИ БЛАГОЕСКА.

3.Решението да се достави до именуваните, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 1554/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.08.2006 година на Совет на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ, ЛИЧНОСТИ И ПРАЗНИЦИ**

1. Решението за разрешување и именување член на Комисијата за одбележување на значајни настани, личности и празници се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1565/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.09.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 44 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп”бр.6/2003 и 4/2005/, Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 30.08.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за разрешување и именување член на Комисијата за одбележување на значајни настани, личности и празници

1. ПАНЧЕ ДАМЕСКИ, се разрешува од функцијата член на Комисијата за одбележување на значајни настани, личности и празници

2. За член на Комисијата за одбележување на значајни настани, личности и празници, се именува НЕЖДЕТ ИСМАИЛОСКИ.

3.Решението да се достави до именуваните, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 1554/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.08.2006 година на Совет на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА МЕСНА САМОУПРАВА**

1. Решението за разрешување и именување член на Комисијата за месна самоуправа**,** се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1565/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.09.2006 година на Општина Прилеп

Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 44 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп"бр.6/2003 и 4/2005/, Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 30.08.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за разрешување и именување член на Комисијата за месна самоуправа

1. ПАНЧЕ ДАМЕСКИ, се разрешува од функцијата член на Комисијата за месна самоуправа.

2. За член на Комисијата за за месна самоуправа, се именува РЕНАТА КЕРПИЧОСКА – БОШЕСКА.

3.Решението да се достави до именуваните, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 1554/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.08.2006 година на Совет на општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананција

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ**

1. Решението за разрешување и именување претседател на Комисијата за родова еднаквост, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1565/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.09.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 44 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп"бр.6/2003 и 4/2005/, Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 30.08.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за разрешување и именување претседател на Комисијата за родова еднаквост

1. КАТЕРИНА ДИМЕСКА, се разрешува од функцијата претседател на Комисијата за родова еднаквост.

2. За претседател на Комисијата за родова еднаквост се именува КАТЕРИНА ТАНЕСКА, ул."Моша Пијаде" бр. 263, телефон 075/984-555.

3.Решението да се достави до именуваните, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 1554/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.08.2006 година на Совет на општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананција

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ КОЈ ПРИСУСТВУВА ПРИ СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАКОВИ ВО МК МАЛО КОЊАРИ**

1. Решението за разрешување и именување член на Советот кој присуствува при склучување на бракови во МК Мало Коњари, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1565/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.09.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 29 став 1 од Законот за семејството ("Службен весник на РМ" бр. 83/2004 – пречистен текст) и член 44 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп"бр.6/2003 и 4/2005/, Советот на

Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 30.08.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за разрешување и именување член на Советот кој присуствува при склучување на бракови во МК Мало Коњари

1. КАТЕРИНА ДИМЕСКА, се разрешува од функцијата член на Советот кој присуствува при склучување на бракови во МК Мало Коњари.

2. За член на Советот кој присуствува при склучување на бракови во МК Мало Коњари, се именува КАТЕРИНА ТАНЕСКА ул.”Моша Пијаде” бр. 263, телефон 075/984-555.

3.Решението да се достави до именуваните, Градоначалникот, Управата за внатрешни работи – Матично одделение и архивата на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 1554/12
30.08.2006 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на општина Прилеп
Димитар Стевананџија

***С О Д Р Ж И Н А***

***на “Службен гласник на Општина Прилеп”***

***бр. 9 од 01.09.2006 година***

1.Одлуката за пристапување кон изменување и дополнување на Статутот на Општина Прилеп................................................................ **1**

2. Одлуката за покренување на иницијатива за ревитализација и забрзан локален економски развој на Прилепскиот дел на Мариово. .................................................................................................................**Стр. 2**

- Заклучокот по Одлуката. ....................................................**Стр. 3**

3. Одлуката за утврдување надоместоци за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Прилеп. ........................**Стр. 4**

- Заклучокот по Одлуката. ..................................................**Стр. 5**

4. Заклучоците по Информација за наплатата на данокот на имот. .......................................................................................................**Стр. 5**

5. Решението за усвојување на Годишниот извештај за работата на ЈОУ Детска градинка “Наша идина” – Прилеп за 2005/2006 година. .................................................................................................................**Стр. 6**

6. Решението за разрешување и именување претседател на Комисијата за финансирање и Буџет. ...............................................**Стр. 6**

7. Решението за разрешување и именување член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштитан а животната средина. .................................................................................................................**Стр. 7**

8. Решението за разрешување и именување член на Комисијата за одбележување на значајни настани, личности и празници. .................................................................................................................**Стр. 7**

9. Решението за разрешување и именување член на Комисијата за месна самоуправа. .......................................................................**Стр. 8**

10. Решението за разрешување и именување претседател на Комисијата за родова еднаквост. ......................................................**Стр. 8**

11. Решението за разрешување и именување член на Советот кој присуствува при склучување на бракови во МК Мало Коњари..... .................................................................................................................**Стр. 9**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.